IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

МЦМС
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

*Истражување на перцепциите на јавноста*

*за актуелните општествени и политички теми*

# - РЕЈТИНЗИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И ПРЕДИЗБОРНО ЗДРУЖУВАЊЕ-

**Владимир Мисев**

**Јован Близнаковски**

Скопје, 31 јули 2012 г.

**Издавачи**

Институт за демократија „Societas Civlis“ – Скопје (ИДСЦС)
Македонски центар за меѓународна соработка(МЦМС)

**За издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Димче Митрески, извршен директор
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС

**Автори**
Владимир Мисев
Јован Близнаковски

**Подготовка**
Даниела Стојанова

Скопје, 31 јули 2012 г.

**Контакт**
Адреса: ИДСЦС, ул. Крагуевска бр.2
Тел. +389/2/3094-760; Факс: +389/2/3094-760; е-пошта: contact@idscs.org.mk; Веб: www.idscs.org.mk

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на издавачите.

**ИДСЦС/МЦМС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Институтот за демократија „Societas Civilis“ - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во јули 2012 г. ги истражуваа ставовите и перцепциите на граѓаните за теми од домашната политичка сцена, преку прашања поврзани со рејтинзите на политичките партии и предизборните здружувања помеѓу политичките партии**.**

Според истражувањето, партијата на власт ВМРО – ДПМНЕ ужива повисок рејтинг во однос на опозициската СДСМ, 25,5% наспроти 19% од определените гласачи. Кај политичките партии со доминантно етнички албански гласачи, ДУИ е во предност во однос на ДПА со 11,1 спрема 6,6%. Скоро една третина од испитаниците (32,4%) не сакаат да дадат одговор за која партија би гласале на следните избори.

Една четвртина од испитанците очекуваат дека ВМРО – ДПМНЕ ќе победи на следните избори (25,1%), додека победа на СДСМ очекуваат 15,2% од вкупниот број испитанции.

Скоро една третина од граѓаните (31,3%) би гласале за нова политичка партија. Сепак, 49,7% не би го дале својот глас за нова политичка опција. Ваквото расположение во подеднаква мера преовладува и кај двете најголеми етнички заедници во државава.

Граѓаните во поголема мера се скептични дека предизборното коалицирање ќе и донесе победа на опозицијата (51,5%). Од друга страна  20,8% од граѓаните очекуваат победа на опозицијата. Исто така, 56,2% од граѓаните не ја одобруваат коалицијата меѓу Љубчо Георгиевски и Бранко Црвенковски. Причините за кои што не ја одобруваат ваквата коалиција во најголема мера се гледаат во недостатокот на политички кредибилитет кај овие политичари (45,3%). Помал дел (18,4%) ја одобруваат коалицијата меѓу Љубчо Георгиевски и Бранко Црвенковски и главната причина зошто ја одобруваат ја гледаат во потребата власта да си замине по секоја цена.

**За методологијата**: Истражувањето е спроведено со теренска анкета – лице во лице во домаќинствата од 19 до 26 јули 2012 г. на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возрасти место на живеење. Теренската анкетата ја спроведе Институтот за демократија „Societas Civilis“ - Скопје (ИДСЦС). Сите резултати од ова истражување се подложни на статистичка грешка од 2,45 %.

# РЕЈТИНЗИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**ВОВЕД**

Институтот за демократија „Societas Civilis“ - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во рамките на своите активности за испитување на перцепциите на јавноста за актуелните општествени и политички теми, во јули 2012 г. спроведоа истражување за теми од домашната политичка сцена, преку прашања поврзани со рејтинзите на политичките партии и предизборните здружувања помеѓу политичките партии.

**МЕТОДОЛОГИЈА**

Истражувањето е спроведено со теренска анкета – лице во лице во домаќинствата од 19 до 26 јули 2012 г. на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возрасти место на живеење. Теренската анкетата ја спроведе Институтот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС). Сите резултати од ова истражување се подложни на статистичка грешка од ±2,45%. Во прилог следуваат резултатите од истражувањето.

**НАОДИ**

Истражувањето се состои од прашања кои се однесуваат на рејтинзите на политичките партии и политичкото здружување на опозицијата во пресрет на локалните избори кои треба да се одржат во 2013.

1. **Рејтинзи на политичките партии**

Граѓаните беа прашани за нивните ставови за која политичка партија би гласале доколку утре се одржат избори.

**Графикон 1: Доколку утре се одржат избори, за која политичка партија би гласале?**




Според резултатите, една четвртина од сите испитаници се определуваат за ВМРО-ДПМНЕ (25,5%), додека 19% за опозиционата СДСМ. Од партиите од Албанскиот блок, ДУИ е во предност пред ДПА – 11,1% наспроти 6,6%. Скоро една третина од испитаниците одбиваат да одговорат на ова прашање (32,4%) – процент што упатува на постоење на голем број гласачи кои не сакаат јавно да кажат за која политичка партија ќе гласаат. Мал број на испитаници би гласале за некоја друга партија доколку утре има избори (5,3%).

**Табела 1:Доколку утре се одржат избори, за која политичка партија би гласале?**

| | Македонска | Албанска | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **ВМРО-ДПМНЕ** | 37,4% | 1,7% | 25,5% |
| **СДСМ** | 27,9% | 0,7% | 19,0% |
| **ДУИ** | 0,3% | 36,3% | 11,1% |
| **ДПА** | 0,2% | 22,0% | 6,7% |
| **Друга партија** | 3,4% | 7,0% | 5,5% |
| **Одбива да одговори** | 30,9% | 32,3% | 32,3% |

Доколку резултатите се погледнат по етничката припадност, етничките Македонци во 37,4% би гласале за ВМРО-ДПМНЕ, додека 27,9% за СДСМ. Во рамки на Албанската етничка заедница, 36,3% би гласале за ДУИ, а 22% за ДПА. Испитаниците од Албанската етничка заедница во поголема мера од етничките Македонци се подготвени својот глас да го дадат за некоја друга политичка партија – 7% наспроти 3,4%.Скоро иста е ситуацијата со Македонската и Албанската популација во однос на големиот број на испитаници кои одбиваат да одговорат на ова прашање.

## 2. Перцепции која политичката партија ќе победи на локалните избори

Граѓаните се прашани за нивниот став во однос на тоа која политичка опција сметаат дека ќе победи на претстојните локални избори.

**Графикон 2:Која политичка партија мислите дека ќе победи на следните локални избори?**




Една четвртина од испитаниците сметаат дека владеачката ВМРО-ДПМНЕ (25,1%) ќе биде победник на локалните избори, додека 15,2% сметаат дека тоа ќе биде СДСМ. Вкупно 29,1% од сите испитаници велат дека не знаат да одговорат на ова прашање.

Гледано по етничка припадност, 34,7% испитаници од Македонската етничка заедница сметаат дека ВМРО-ДПМНЕ ќе биде победник на изборите додека, 21,5% од испитаниците очкеуваат дека победник ќе биде СДСМ. Кај припадниците на Албанската етничка заедница 24,8% од испитанците победникот го гледаат во ДУИ додека 12,1% во ДПА. Повеќе од една третина од испитаниците од Албанската етничка заедница – 34,1% немаат одговор, во споредба со етничките Македонци каде е оваа бројка е помала – 25,7% (Табела 2).

**Табела 2:Која политичка партија мислите дека ќе победи на следните локални избори?**

| | Македонска | Албанска | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **ВМРО-ДПМНЕ** | 34,7% | 3,0% | 25,1% |
| **СДСМ** | 21,5% | 1,6% | 15,2% |
| **ДУИ** | 0,2% | 24,8% | 6,9% |
| **ДПА** | 0,0% | 12,1% | 3,4% |
| **Друга партија** | 1,4% | 3,7% | 2,3% |
| **Гласам за личност - не за партија** | 4,4% | 3,3% | 4,1% |
| **Не знам** | 25,7% | 34,1% | 29,1% |
| **Одбива да одговори** | 12,2% | 17,3% | 13,9% |

## 3. Нова политичка партија?

На прашањето дали би гласале за нова политичка партија, скоро половина од испитаниците одговараат негативно (49,7%). Сепак, скоро една третина од сите испитаници се подготвени за такво нешто (31,3%), а 19% не знаат како да се изјаснат по ова прашање.

**Графикон 3: Дали би гласале за нова политичка партија?**




Истражувањето не покажа некакви значителни отстапувања по однос на етничката поделба: етничките Македонци и етничките Албанци во скоро еднаков процент се подготвени да дадат поддршка за некоја нова политичка партија.

**Табела 3: Дали би гласале за нова политичка партија?**

| | Македонска | Албанска | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Да** | 30,8% | 31,1% | 31,3% |
| **Не** | 50,3% | 48,9% | 49,7% |
| **Не знам** | 18,9% | 19,9% | 19% |

## 4. Предизборното здружување на опозицијата

На прашањето дали предизборното здружување ќе и донесе победа на опозицијата на следните избори мнозинството од испитаниците одговараат негативно (51,5%), додека 20,8% сметаат дека предизборното здружување ќе и донесе победа на опозицијата.

**Графикон 4: Дали сметате дека предизборното здружување ќе ѝ донесе победа на опозицијата на следните избори?**



Поголем број етнички Македонци од етничките Албанци сметаат дека предизборното здружување нема да донесе победа (53,8% наспроти 45,5%), а воедно и поголем број на Албанци од Македонци сметаат дека опозицијата ќе победи како резултат на предизборното здружување (25,8% наспроти 18,7%). Голем број на испитаници – вкупно 27,7% не знаат да дадат одговор по ова прашање.

**Табела 4:Дали сметате дека предизборното здружување ќе ѝ донесе победа на опозицијата на следните избори?**

| | Македонска | Албанска | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Да** | 18,7% | 25,8% | 28,8% |
| **Не** | 53,8% | 45,5% | 51,5% |
| **Не знам** | 27,4% | 28,6% | 27,7% |

## 5. Црвенковски - Георгиевски

На прашањето дали граѓаните го одобруваат предизборното здружување меѓу Бранко Црвенковски и Љубчо Георгиевски, мнозинство од граѓаните одговараат негативно (56,2%). Една четвртина од испитаниците не даде одговор по ова прашање (25,5%).

**Графикон 5: Дали вие лично го одобрувате предизборното здружување помеѓу Бранко Црвенковски и Љубчо Георгиевски?**




На оние испитаници кои го одобруваат предизборното здружување меѓу Бранко Црвенковски и Љубчо Георгиевски (18,3% од сите испитаници) им е поставено прашање со понудени опции за причините за таквиот свој став.

**Графикон 6:Ако да, зошто го одобрувате?**




Најголем процент од тие испитаници кои го одобруваат предизборното здружување го основаат тоа свое мислење врз аргументот дека актуелната власт треба да си замине по секоја цена (39%). Помал број мислат дека двајцата се лидери со висок политички кредибилитет (28,1%), а 15,5% сметаат дека нудат решенија за проблемите на граѓаните. Околу 14% имаат други причини зошто ја одобруваат коалицијата помеѓу меѓу Бранко Црвенковски и Љубчо Георгиевски.

Од истиот примерок на испитаници (18,3%), етничките Албанци во поголем број сметаат дека оваа власт треба да си замине по секоја цена – 42,3% наспроти 37,8% од Македонските го делат тоа мислење. Етничките Македонци во поголема мера од етничките Албанци ги перцепираат двајцата лидери како лидери со висок политички кредибилитет – 32,1% наспроти 16,7%. Исто така, испитанците од Албанската етничка заедница повеќе од испитанците од Македонската етничка заедница ја оценуваат коалицијата на двајцата лидери како таква која нуди конкретни решенија за проблемите на граѓаните – 28,2% наспроти 11,4%.

**Табела 5:Ако да, зошто го одобрувате?**

| | Македонска | Албанска | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Двајцата се лидери со висок политички кредибилитет** | 32,1% | 16,7% | 27,9% |
| **Нудат конкретни решенија за проблемите на граѓаните** | 11,4% | 28,2% | 15,5% |
| **Оваа власт треба да си замине по секоја цена** | 37,8% | 42,3% | 38,7% |
| **Друго** | 13,5% | 12,8% | 14,5% |
| **Без одговор** | 5,2% | 0,0% | 3,4% |

На оние испитаници кои, пак, не го одобруваат предизборното здружување меѓу Бранко Црвенковски и Љубчо Георгиевски (56,2% од сите испитаници) им е поставено исто такво прашање со понудени одговори на кое можат да го аргументираат таквиот свој став.

**Графикон 7: Ако не, зошто не го одобрувате?**




Најголем број од оние испитаници кои не го одобруваат предизборното здружување го основаат тоа свое мислење поради политичкиот кредибилитет на двајцата лидери (45,3%). Помал број на испитаници сметаат дека таа коалиција не нуди конкретни решенија за проблемите на граѓаните (23,7%), додека 19% не го одобруваат здружувањето поради идеолошката разновидност на политичките партии.

**Табела 6: Ако не, зошто не го одобрувате?**

| | Македонска | Албанска | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Поради политичкиот кредибилитет** | 47,2% | 41,6% | 45,3% |
| **Немање конкретни решенија за проблемите на граѓаните** | 21,8% | 25,3% | 23,7% |
| **Поради идеолошката разновидност на политичките партии** | 22,1% | 13,1% | 19,0% |
| **Друго** | 6,2% | 4,5% | 5,9% |
| **Без одговор** | 2,8% | 15,5% | 6,1% |

Од аспект на етничката припадност на испитаниците, етничките Македонци повеќе од етничките Албанци го истакнуваат политичкиот кредибилитет на двата лидера како причина за неодобрување на коалицијата (47,2% наспроти 41,6%), како и идеолошката разновидност на политичките партии (22,1% наспроти 13,1%). Сепак, Албанците повеќе од Македонците сметаат дека коалицијата на двата лидера не нуди конкретни решенија за проблемите на граѓаните (25,3% наспроти 21,8%).